**Член 1**

Се определува дека Студентите од втор циклус едногодишни студии запишани по наставен план од 2013/2014 година имаат право да ги полагаат испитите по предметите кои се предвидени во рамки на запишната студиска програма според условите на студиската програма на која се запишале, најдолго до завршувањето на учебната 2019/2020 година.

Се определува дека Студентите од втор циклус едногодишни студии запишани по наставен план од 2013/2014 година имаат право да поднесат барање за прифаќање тези за изработка на магистерски труд и определување на ментор, најдолго до завршувањето на учебната 2019/2020 година.

По завршувањето на учебната 2019/2020 година, студентите од став 1 и 2 на оваа одлука запишани по наставен план од 2013/2014 година, имаат право да продолжат со студиите или да поднесат барање за прифаќање тези за изработка на магистерски труд и определување на ментор, откако првично ќе ги продолжат студиите по наставниот план од 2017/2018 година.

Се определува дека Студентите од втор циклус двегодишни студии запишани по наставен план од 2013/2014 година имаат право да ги полагаат испитите по предметите кои се предвидени во рамки на запишната студиска програма според условите на студиската програма на која се запишале, најдолго до завршувањето на учебната 2021/2022 година.

Се определува дека Студентите од втор циклус двегодишни студии запишани по наставен план од 2013/2014 година имаат право да поднесат барање за прифаќање тези за изработка на магистерски труд и определување на ментор, најдолго до завршувањето на учебната 2021/2022 година.

По завршувањето на учебната 2021/2022 година, студентите од став 4 и 5 на оваа одлука запишани по наставен план од 2013/2014 година, имаат право да продолжат со студиите или да поднесат барање за прифаќање тези за изработка на магистерски труд и определување на ментор, откако првично ќе ги продолжат студиите по наставниот план од 2017/2018 година.

Scanned by TapScanner